# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 2 год.22** |

**Општина Чучер - Сандево, февруари 2019 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Среда** | **Бр. 2** |
| **по потреба** | **20 февруари 2019 година** | **Год. 22** |


# 7.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за поставување на урбана опрема на подрачје на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/1**
**20.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр.5/02), член 80 и 80 а од Законот за градење (“Службен весник на Р.М“ бр.70/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.2/03 ), Советот на Општина Чучер-Сандево на **16-та** седница одржана на **19.02.2019 година**, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачје на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**

**1.ВОВЕД**

Со ова Програма се уредуваат целите на програмата, критериумите за определување на видот на урбаната опрема, видовите на урбана опрема, преглед на локалитетите на кои ќе се поставува урбана опрема, начинот и

условите за поставување и одржување на урбаната опрема, извори за финасирање на програмата, трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема, динамика за реализација на програмата и вршење надзор над реализација на програмата.

Оваа програма важи за 2019 година и со истата е опфатена урбаната опрема согласно член 2 став 4 од Законот за градење, односно опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните преставништа, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми клупи и корпи за отпадоци.

Согласно Законот за градење, урбаната опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон. Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварните права врз градежното земјиште.

## 2.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата за поставување на урбаната опрема се постигнуваат следните цели:

-Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Чучер-Сандево,

-Естетско подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот,

-Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина,

-Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредна близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња и др.).

## 3.КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

За определување на типот на урбаната опрема која треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми (намена, времетрањење и површина);

-наменета за вршење на дејноста;

-материјални критериуми и

-финансиски критериуми.

Урбаната опрема која се поставува на подрачје на Општина Чучер-Сандево треба да ги задоволува основните барања за градба, согласно Законот за градење.

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.

Урбаната опрема со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбаната опрена се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлога, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбана опрма мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5 м.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културното-историско наследство, односно на природата.

## 4.ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

### *4.1.Информативни паноа*

Информативните паноа служат за јавна намена за информирање на граѓаните (карта на општина, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставување на информативните паноа не смее да го попречуваат нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободно свелтечки, преносливи, прицврстени на објкети и сл.

### *4.2. Опрема за спортско рекреативни активности*

Опрема за спортско-рекреативни активности може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема за таа намена.

Опремата за спортско-рекреативни активности може да се постави и во уредено зеленило, парк и покрај водена површина.

### *4.3. Платформа за јавни манифестации*

Платформите за јавни манифестации како и придружните објекти во функција на истите, се со висина и површина кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на луѓе.

### *4.4. Настрешници кои се поставуваат а јавни површини*

Настрешница е лесен монтажен елемент кој се поставува на столбови кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно или со роло механизам.

### *4.5. Самостоечките рекламни паноа*

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

### *4.6. Опрема за забава на деца*

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

### *4.7. Детски игралишта*

Детски игралишта може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Детски игралиште може да биде типско и во зависност од големината на површината истото може да се мултиплицира.

### *4.8.Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци*

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постројки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Чучер-Сандево.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободносточки или прикачени за светилки или фасади на објект.

### *4.9.Автобуски постојки*

Автобуски постојки ќе се поставуваат во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта

## 5. ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЛИТЕТИ

Прегледот на локациите е даден во графичкиот прилог кој е составен дел на програмата и истиот ги содржи следните податоци:

-нумерација на објектите;
- местоположба на урбаната опрема;
-КП И КО каде се наоѓа урбаната опрема;
-површина и
-тип на урбана опрема.

## 6. НАЧИН И УСЛОВИ НА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Согласно Законот за градење, урбаната опрема се поставува на јавни површини кои преставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата од поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Чучер-Сандево.

Микролокациските услови преставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставувае на урбана опрема во соодветен размер. Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Чучер-Сандево.

Општина Чучер-Сандево согласно Закон за градење води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбана опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежно земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини за чие одржување е надлежна Општина Чучер-Сандево се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево.

Одобрението за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**6.1. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли и рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови;
2. Основен ревидиран проект;
3. По исклучок на овој член за урбана опрема-електронски информативни и рекламни паноа (со површина над 30 м2 и со конструктивни елементи) кои се поставуваат на јавни површини, се издава решение согласно со член 74 од овоја закон.

**6.2. Клупи, чешми, канделабри, корпи за отпадоци и останати видови на урбана опрема кој не се однесува на вршење на дејноста**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови

**6.3. Фонтани**

1.Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови

2. Основен ревидиран проект.

Постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема по поднесено барање ја спроведува Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој на Општина Чучер-Сандево. Надлежното одделение на општината врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

## 7.ИЗВОРИ ЗА ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачје на Општина Чучер-Сандево се финансираат од Буџетот на општината, Буџет на Р.М, донации и правни и физички лица.

## 8. ТРОШОЦИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ДИСЛОКАЦИЈА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот.

## 9. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Динамика на реализација на програмата ќе зависи од обезбедени финасиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

## 10. ВРШЕЊЕ НАДЗОР

Вршење надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема ќе врши областен градежен инспектор согласност со Законот за градење и актите на Општина Чучер-Сандево.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализација на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево во соработка до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој во општината .

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Број. 08-223/3**
**19.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗАШТИТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/2**
**20.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" број 2/03), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на РМ" бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Закон за јавно здравје („Сл.Весник на РМ" бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и Националната годишна програма за јавно здравје на РМ во 2019 година, Советот на Општината Чучер-Сандево, на **16-та** седница одржана на ден **19.02.2019** година, донесе

## ПРОГРАМА

## За спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на Општините, по претходно мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат програма **За спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2019 година** на своето подрачје.

Со ова Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2019 година.

### Мерки, цели, активности

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, промоција на здрави навики како и утврдување на активностите, извршителите, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2019 година.

Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на Општина Чучер Сандево од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигање на повисоко ниво на заштитата на населението од заразни болести и унапредување на здравјето.

**I.Приоритети**

Со цел заштита на населението од заразни болести и унапредување на здравјето, Општината Чучер-Сандево е должна да ги организира и следи општите мерки за заштита од заразни болести и чување и унапредување на здравјето кои се однесуваат на:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училиштата
4. Превентивно -промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението и
5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини.

## Општа мерка бр.1

### Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето, како и вода која не содржи супстанции во концентрации кои сами или заедно со други супстанции претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

На територијата на Општината Чучер-Сандево, со водоснабдителниот систем стопанисува Јавно Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора“ (во понатамошниот текст-ЈКП СЦГ) кое е надлежно за снабдување со безбедна вода за пиење на населението од населените места Бањани, Горњани, Бразда, Глуво, Мирковци, Чучер, Сандево, Голиово, Кучевиште и Побожје.

Пред пуштање во употреба на водоводот се вршат сите законски предвидени активности кои водат кон безбедност и здравје на корисниците од населеното место.

Населените места Танушевци, Брест и Малино со вода се снабдуваат од сопствен водовод.

**1.1.ЦЕЛ**

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење

**АКТИВНОСТИ**

За да водата биде безбедна за пиење и да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето, ЈКП СЦГ потребно е да врши соодветна дезинфекција и испитување според Правилникот за безбедост на вода и тоа:

1.Дезинфекција и чистење на извориште (8 изворишта), каптажа, резервоар (10 резервоари), водоводна мрежа и други објекти и постројки на јавен водовод, се врши најмалку еднаш годишно, а во случај на елементарни непогоди почесто.

Сите изворишта на вода како и сите водоснабдителни објекти треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување, како и од други влијанија кои можат да ја загрозат безбедноста на водата за пиење.

2.Методологијата за испитување на водата за пиење предвидува анализа на репрезентативен број мостри на водата за пиење од:

-вода од извориштето (2 пати/год),

-вода по дезинфекција,

-вода од резервоарите за вода за пиење,

-вода од водоводната мрежа и

-вода на местото на потрошувачката -земање на мострите од однапред утврдена локација, временски и просторно рамномерно распоредени при што треба да се води грижа да бидат опфатени сите значајни објекти кои имаат поголем број корисници како што се Училишта, амбуланти и сл.

- запознавање на жителите како и сите засегнатите страни со резултатите од анализата.

3.Ако се утврди дека водата не е безбедна за пиење, ЈКП СЦГ треба:

-да ја прекине или ограничи испораката на водата,

-ставање натпис *Водата не е за пиење*,

-да ги извести потрошувачите и да им даде соодветни препораки,

-да ја детектира причината за загадувањето и

-да спроведе итни мерки за одстранување на загадувањето.

-Доколку пак, прекинот во испорачувањето на вода е подолго од 24 часа, ЈКП СЦГ треба да обезбеди снабдување на вода на друг начин.

4.Месните заедници на населените места кои не се опфатени со регионалниот водовод, во 2019 година, ќе бидат задолжени да вршат испитување на водата и да превземат соодветни мерки доколку истата не е безбедна за пиење.

*Финансиски средства за спроведување на точка 1, ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈКП СЦГ и самофинансирачки за селата со сопствен водовод.*

## Општа мерка бр.2

### Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина

Отстранувањето на отпадните води и друг комунален отпад е од големо значење за обезбедување на здрава животна средина која нема да има опасност од појава на заразни болести.

Собирање и транспортирање на комуналниот отпад од домаќинствата го врши ЈКП СЦГ во населените места Кучевиште, Мирковци, Чучер, Сандево, Бањани, Горњани, Глуво, Бразда, Голиово, Побожје и Блаце.

Отстранување на комунален отпад е уште една првенствено, превентивна дејност за спречување на настанување и ширење на зарази.

Отстранување на отпадните води преку собирање и прочистување за населените места Глуво, Бразда, Мирковци, Чучер Сандево, Кучевиште и Бањани се врши во Прочистителната станица за отпадни води која се наоѓа во с.Бразда. Истата предвидено е да опфати 9.000 ЕЖ.

Дел од домаќинствата на територијата на Општината каде што сеуште нема систем за канализација на отпадни води, имаат септички јами, а голем дел отпадните води ги испуштаат во селските бразди или реки.

Со оглед на фактот што голем број домаќинства користат вода од бунари (за во домаќинство или за наводнување) голема е веројатност односно опасност истата да се измеша со фекални и други отпадни води. Превентивно, на домаќинствата се препорачува да не користат вода за пиење од бунари.

**2.1.ЦЕЛ**

Заштита на населението и на животната средина со отстранување на отпадните води,согласно законските прописи.

**АКТИВНОСТИ**

За 2019 година се предвидува обезбедување на сите потребни предуслови за комплетирање на последната фаза од канализацијата односно канализационен систем во населено место Побожје.

Воедно, Општина Чучер-Сандево во 2019 година, ќе продолжи со активности за санирање на постоечките јами согласно позитивните законски прописи и вложување напори за изнаоѓање финансиски средства од сопствени извори како и од донации и грантови за изградба на фекална канализација и третман на отпадни води во сите населени места.

*За подготовка на техничка документација за канализационен систем Побожје потребни се 250.000,00 денари.*

*За обезбедување на финансиски средства за продолжување на третата фаза за изградба на фекална канализација и третман на отпадни води, општина Чучер Сандево ќе аплицира пред надлежните институции во Р. Македонија и потенцијалните странски инвеститори.*

**2.2.ЦЕЛ**

Собирање на комуналниот отпад од домаќинствата за обезбедување на здрава и чиста животна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Во 2019 година ќе се продолжи со тековни активности за отстранување на комуналнот отпад со цел обезбедување на чиста околина и здрава животна средина.

Воедно, доколку се создадат можности, континуирано ќе се обезбедуваат услови за подобрување на условите и работата на ЈКП СЦГ.

*По потреба, финансиски средства* би *се обезбеделе од донации, грантови.*

**2.3.ЦЕЛ**

Заштита на вработените во Јавното Комунално Претпријатие кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад со што би се спречило,првенствено, настанување а потоа и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

-редовно обновување на опремата за работа (заштитни униформи, алат и сл.)

-задолжителна вакцинација (Активна имунизација против црвен тифус-задолжителна еднаш на три години).

*Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈКП СЦГ.*

**Општа мерка бр.3**

**Санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училиШта**

На територија на Општина Чучер-Сандево постојат 3 основни училишта ОУ „Св Кирил и Методиј“-с.Кучевиште со ПОУ во с.Побожје, ОУ „Александар Урдаревски“-с.Сандево со ПОУ во с.Блаце и ОУ „Михаљ Грамено“-с.Брест со ПОУ во с.Танушевци и во с.Малино.

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.

**3.1.ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најраливата група-децата.

**АКТИВНОСТИ**

-вршење на здравствени прегледи врз вработени во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

*Финансиски средства за извршување на цел 3.1. ќе обезбедат Училиштата од сопствените буџети.*

**3.2.ЦЕЛ**

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните установи со цел создавање на безбедна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Во училиштата превентивната **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши Овластена установа за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

| | **Објект** | **Распоред на дезинфекција, дезинсекција и дератизација** | |
|---|---|---|---|
| 1 | ОУ Св.Кирил и Методиј с.КучевиШте | 01.2019 | 09.2019 |
| 2 | ПОУ Св.Кирил и Методиј с.Побожје | 01.2019 | 09.2019 |
| 3 | ОУ Александар Урдаревски с.Сандево | 01.2019 | 09.2019 |
| 4 | ПОУ Александар Урдаревски с.Блаце | 01.2019 | 09.2019 |
| 5 | ОУ Михаљ Грамено с.Брест | 01.2019 | 09.2019 |
| 6 | ПОУ Михаљ Грамено с.Танушевци | 01.2019 | 09.2019 |
| 7 | ПОУ Михаљ Грамено с.Малино | 01.2019 | 09.2019 |

-Лица во училиштето задолжени за спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација:

| **Основно Училиште** | **Одговорно Лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Горан Колариќ | Ложач |
| Св..Кирил и Методиј | Драгољуб Гурмешевиќ | Хаусмајстор |
| Михаљ Грамено | Кемаљ Сејдиу | Одд. наставник |

*Финансиски средства за извршување на цел 3.2. ќе обезбедат Училиштата од сопствените буџети.*

### 3.3.ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

### АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците надлежна е амбуланта Шуто Оризари, а се вршат според однапред изготвен распоред на Амбулантата за што училиштата, благовремено, се известуваат за распоредот и термините.

За следење на здравјето на забите на учениците надлежен е Здравствен дом Чаир.

По добивање на известувањето, ОУ се обврзани да ги превземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинацијата и систематските прегледи дополнително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

За вакцинација

| Одделение | Вакцина | |
|---|---|---|
| I | Р1МРП | |
| II | ДиТе | Дифтерија, тетанус |
| II | Полио | Детска парализа |
| II | Тест за ТБЦ ивакцина ТБЦ | Туберколоза |
| VI | ХПВ вакцина | Хуман папилома вирус |
| VII | ХПВ вакцина | Хуман папилома вирус |
| VIII | Вакцина ДиТе, Полио | Дифтерија, тетанус, детска парализа |
| VIII | Вакцина Рубеола (само девојчиња) | Мали сипаници, заушки, црвенка |

За систематски преглед

| Одделение |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |

-Лица од училиштата задолжени за организирање и спроведување на систематски прегледи и вакцинации:

| **Основно Училиште** | **Одговорно Лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Гордана Поповска | Училишен социолог |
| Св..Кирил и Методиј | Мирјана Николовска | Училишен психолог |
| Михаљ Грамено | Муса Јакупи | Директор |

*Финансиски средства за извршување на цел 3.3. не се потребни.*

**3.4.ЦЕЛ**

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

-постојано одржување на хигиена во работните простории,
-постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли,
-течен сапун во тоалетите и
-зголемување на бројот на хигиеничари.

*Финансиски средства за извршување на цел 3.4. ќе обезбедат Училиштата во сопствените буџети.*

**Општа мерка бр.4**

***Превентивно промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението***

4.1. Целта на ова мерка е, пред се, промоција на здравјето на населението како и превенција од болести во општината преку здравствена едукација на најранливата категорија-учениците во основните училишта. Целта би се постигнала преку предавања на теми:

АКТИВНОСТИ

| Едукативни предавања | Носител | Вклучени страни во проектот | Обезбедени средства од Буџетот на Општина Чучер Сандево (2019 г) |
|---|---|---|---|
| 1.Здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност кај училишните деца | ЕЛС | ЈЗУ ЦЈЗ Отсек за промоција на здравјето и Оделение за социјална медицина | 4.000 ден. |
| 2.Исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана | ЕЛС | | 1.000 ден. |
| 3.Активности во периодот на детството и адолесценција | ЕЛС | | 1.000 ден. |
| 4. Лична хигиена | ЕЛС | | 1.000 ден. |
| ВКУПНО | | | 7.000 ден. |

Во 2019 година Советодавни и едукативни предавања во Училиштата ќе се вршат преку предавања, трибини и работилници по претходен договор а согласно термини на Центар за Јавно Здравје Скопје со Основните училишта.

*Финансиски средства за реализација на мерка 4., ќе се обезбедат од Буџетот на Оопштината за 2019 година.*

**Општа мерка бр.5**

*Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини*

Јавните површини па и цели населени места се исто така места на кои постои опасност од појава и ширење на заразни болести при наезда на инсекти и други штетници кои се преносители на заразни заболување (комарци, глувци).

Чистење на јавни површини од комунален смет во 2019 година, ќе се врши според Програмата за јавна чистота на Општина Чучер -Сандево.

Во случај пак на наезда од штетници и инсекти, Општина Чучер-Сандево во соработка со надлежниот Завод за здравствена заштита-Скопје и по негова предходна препорака, ќе води грижа за безбедноста на граѓаните и од овој вид на загрозување со вршење на дезинсекција и дератизација.

**5.1.ЦЕЛ**

Уништување на штетници кои предизвикуваат или се преносители на заарази.

**АКТИВНОСТИ**

-Дезинсекција на населени места при појава на инсекти или опасност од заболувања кои ги пренесуваат инсектите. Дезинсекцијата во 2019 година ќе се спроведува според елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања, изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје.

-Дератизација на населбите, околините на населбите, средства за јавен превоз, складишта како и други работни простории, како и по епидемиолошки индикации при појава на глодари или опасност од појава на заболувања чии извори на зараза или преносители се глодари и ке се изврши според Елаборат за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и депонии во Општината за заштита на населението од вектор преносливи болести, изготвен од Центар за јавно здравје.

*За активностите дезинфекција, дезинсекција и дератизација од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2019 година издвоени се 150.000 денари.*

**II.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози, во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2019 година.

**Бр.08-223/4**
**19.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 9.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА СЕЛО БЛАЦЕ

Се објавува **Одлука за сопствено учество во реализација на проектот Рехабилитација на локален пат за село Блаце**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/3**
**20.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **16-та** седница, одржана на ден **19-.02.2019** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА СЕЛО БЛАЦЕ**

**Член 1**

Реализацијата на Проектот- Рехабилитација не дел од локален пат за село Блаце, на стационажа од 0+000 м до 1+200 м, ќе се реализира со средства од: Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година и Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 2**

Општина Чучер-Сандево во реализција на Проектот од член 1 на оваа одлука ќе учествува со средства во износ од 8.263.384,00 денари, Програма JD0- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, конто 482 130- - реконструкција на патишта и улици, односно 54,14 %.

Бирото за регионален развој на Република Македонија ќе учествува со средства во износ 7.000.000,00 денари, односно 45,86 %.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-223/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**19.02.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 10.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО РАМКИ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (МСИП 2) СО БРОЈ МСИП 02/2018**

Се објавува **Одлука за долгорочно задолжување во рамките на вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2) со број МСИП 02/2018**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/4** **Општина Чучер-Сандево**
**20.02.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево бр.2/03"), Советот на Општина Чучер Сандево на **16-та** седница, одржана на **19.02.2019** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО РАМКИ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (МСИП 2) СО БР.ВТОР МСИП 02/2018**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува долгорочно задолжување на Општина Чучер-Сандево во рамките на Втор проект за подобрување на општинските услугу (МСИП 2) со бр.Втор МСИП 02/2018.

**Член 2**

Целта на задолжувањето е реализација на проектот "Реконструкција на дел од локален пат Александар Урдаревски – Рудници Бањани (Коцка)" со технички број Г-63/2014 изработен од Еуро Роад Дизајн Груп ДОО увоз-извоз Скопје.

**Член 3**

Проценетата инвестициска вредност на проектот од член 2 на оваа одлука изнесува 46.331.094,00 денари, кои се одобрени од страна на МСИП проектна единица.

**Член 4**

По одобрување на проектот од страна на Светска банка и добиено позитивно мислење за задолжување и склучување на договор за под-заем од страна на Министерството за финансии, општината ќе скулучи договор за под-заем со Министерство за финасии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08223/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**19.02.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 11.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНАЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА ( 2019-2022)**

Се објавува **Одлука за утврдување на Интегриран полан за локален развој на Општина Чучер-Сандево за (2019-2022)**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/5** — **Општина Чучер-Сандево**
**20.02.2019 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево бр.2/03”), а во врска со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), Советот на Општина Чучер Сандево на **16-та** седница, одржана на **19.02.2019** година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО (2019-2022)**

## Член 1

Се утврдува Интегриран план за локален развој на Општина Чучер-Сандево за период 2019-2022 година.

## Член 2

Интегрираниот план за локален развој на Општина Чучер-Сандево за период 2019-2022 година е составен дел на оваа одлука.

## Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-223/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**19.02.2019 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** — **Ацо Ушковски с.р.**

# 12.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/6** **Општина Чучер-Сандево**
**20.02.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр.5/2002 год. и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,192/15 и 209/18, Советот на Општина Чучер Сандево на **16-та** седница, одржана на **19.02.2019** година, донесе:

## О Д Л У К А

**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **А0** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0 | 4,970,484 | 0 | 0 |
| | | 0 | 4,970,484 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следните расходни потставки :

| Потпрограма Потставка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 912,730 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| N10 | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 500,000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 3,557,754 | 0 | 0 |
| | | 0 | 4,970,484 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2019 година.

**Бр.08-223/8**
**19.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 13.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање комунална такаса за користење на јавно осветлување**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **16-та** седница, одржана на **19 февруари 2019** година.

**Бр.09-261/7**
**20.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 6 став 2 од Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16/02) и член 16 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.2/03), а согласно поднесено барање од страна на Риза Ибраими, иманел на броило за мерење на електрична енергија во с.Танушевци, Советот на Општина Чучер-Сандево на **16-та** седница одржана на ден **19.02.2019** година, донесе

## ОДЛУКА
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се ослободува од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осетлување имателот на броило за мерење на електрична

енергија во с.Танушевци-населено место без јавно осветлување, Риза Ибраими, ул.3, бр.47, Визбегово-Скопје.

**Член 2**

Оваа одлука да се достави до ЕВН Македонија-КЕЦ Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објвување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-223/9**
**19.02.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

стр

**7. Програма за поставување на урбана опрема
на подрачје на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ............................ 1**

**8. Програма за спроведување на општи мерки за чување
и унапредување на здравјето на населението и заштита
од заразни болести во 2019 година ................................................................ 7**

**9. Одлука за сопствено учество во реализација на проектот
Рехабилитација на локален пат за село Блаце ........................................... 16**

**10. Одлука за долгорочно задолжување во рамките
на вториот проект за подобрување на општинските услуги
(МСИП 2) со број МСИП 02/2018 .................................................................. 17**

**11. Одлука за утврдување на Интегриран полан
за локален развој на Општина Чучер-Сандево за (2019-2022) ............... 18**

**12. Одлука за проширување на средствата
на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ......................... 105**

**13. Одлука за ослободување од плаќање комунална такаса
за користење на јавно осветлување ............................................................ 106**